Здружение-Центар за истражувачко новинарство
СКУП-МАКЕДОНИЈА
Бр. 0307-1235
5.2. 2018 год.
СКОПЈЕ

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ЗДРУЖЕНИЕ-ЦЕНТАР ЗА ИСТРАЖУВАЧКО НОВИНАРСТВО СКУП-МАКЕДОНИЈА

## 1.1.2017-31.12.2017

## ПОЧЕТОЦИ

Центарот за истражувачко новинарство СКУП-Македонија е официјално основан како невладина организација на 22.03.2011 година, иако неговите почетоци се наsираат уште од 2008 година. Имено, од тогаш неговите два ко-основачи, Џељаљ Незири и Жаклина Хаџи-Зафирова, како претставници на Данската асоцијација за истражувачко новинарство и Мрежата на истражувачки новинари од Источна и Југоисточна Европа го потпомогнаа развојот на истражувачкото новинарство во земјава. Преку логистичка и финансиска поддршка, поддржавме над 100 истражувачки видео и пишани стории, од кои голем дел имаа импакт во јавноста или пак беа наградени на конкурси за најдобри истражувачки стории.

Почнувајќи од 2011 година, со поддршка на данскиот СКУП, СКУП-Македонија ја продолжи мисијата на нашите странски колеги, а тоа е да откриваме системски пропусти и слабости во системот, со цел да се подобри транспарентноста и работата на институциите, а во исто време и да се подобри животот на граѓаните во целина.

Денес СКУП брои пет вработени лица, а активно во работата на организацијата се вклучени осумнаесет лица.

## ОРГАНИЗАЦИСКИ РАЗВОЈ

СКУП-Македонија со проекти активно работи од почетокот на 2012 година, кога доби прв, помал грант за развој на организацијата од Мрежата за истражување на организиран криминал и корупција ОЦЦРП. Со развојот на организацијата, СКУП зајакна не само технички, туку и административно, а се зголеми и бројот на членови на организацијата кој во моментов изнесува 25.

Организацијата во текот на 2017 година ги реализираше следниве проекти:

1. **Институционален грант**, овозможен преку програмата Цивика Мобилитас, поддржан од Швајцарската агенција за соработка и развој и реализиран од страна на Македонскиот центар за меѓународна соработка. СКУП го имплементира проектот од 1.04.2016-31.03.2018 година. Проектот досега и помогна на организацијата како во структуралното зацврстување на организацијата, така и во однос на проектирање на нејзиниот развој во иднина.

СКУП-Македонија во периодот од почетокот на имплементирање на Институционалниот грант досега учествуваше на серија работилници со цел да го подобри своето работење, при што како резултат од овие средби беа изготвени серија правилници и акти за интерно работење со што се подобри работењето на организацијата. Ова, како и водењето на организацијата низ процесот на стратешко планирање го сметаме како директни придобивки од Институционалниот грант. Како резултат на овие редовни темелни средби со експерти во рамките на Институционалниот грант, меѓу другото беше изготвена Стратегија

за работа на организацијата за периодот 2017-2020 година, како и конкретен Акциски план за 2017 година.

До крајот на годината исполнети се сите зададени цели како дел од Акцискиот план за 2017 година, како обезбедување на уште еден донатор до крај на годината и покренување на најмалку една иницијатива за промена на законска регулатива за работењето на државни и јавни институции. Поточно, како резултат од работата на СКУП, покренати се најмалку две вакви иницијативи, од кои едната-покрената е судска постапка околу имотот на една политичка партија, а поврзано со начинот на нејзиното финансирање. Исто така, на почетокот на годината (2018), иницирани се законски измени за промена во моделот на исплата на патни трошоци на пратениците, прашање кое СКУП го покрена пред три години, а повторно го актуелизираше во текот на 2017 година, по што се покренаа лавица реакции околу финансирањето на патните трошоци на пратениците. Исто така, би сакале да нагласиме дека минатата година беше покрената и постапка за екс-пратеничката Силвана Бонева, а за која ние веќе објавивме дека во текот на нејзиното работење имала енормни патни трошоци.

СКУП почна да остварува поредовни средби со своите поддржувачи и конституенти, а воедно интерните колегиуми со новинарите почнаа да се одржуваат на поредовно ниво.

Во текот на 2017 година во работата на СКУП се приклучија пет студенти, кои активно работат во нашите тековни проекти. Исто така, практикуваме и директни средби со студентите кои евентуално би сакале да ни се приклучат. Праксата на анимирање на студенти/волонтери СКУП ќе ја практикува и понатаму.

2. **„Известување за граѓанското општество и неговото влијание врз промените во општеството"** во траење од

15.01.2016-31.12.2017, проект кој го имплементираше Македонскиот институт за медиуми, а во рамките на кој СКУП беше партнер. Како дел од активностите на овој проект, беа изработени документирани видео истражувачки стории, кои имаа голем импакт во општеството за теми од поширок општествен интерес.

**3.** Во 2017 година, СКУП продолжи со реализација на претходно воспоставените проектни активности во рамките на проектот **„Промовирање на отчетноста преку истражувачко известување"** поддржан од National Endowment for democracy, кој организацијата го спроведува веќе 5-та година по ред. Проектот на почетокот започна со поддршка на пишани истражувачки стории, а со текот на времето подоцна, СКУП се професионализираше во изработка на видео истражувачки стории.

**4. „Следење на принципите на јавната администрација во зачувување на вредности на добро управување", финансиран од Делегација на Европската унија во Р. Македонија, во рамките на ИПА програмата ,,Структура за поддршка на граѓанското општество и Медиуми 2015",** проект во рамките на кој се работи за прилагодување на СИГМА принципите за јавна администрација на локално ниво и изработка на водич за следење. Проектот е со траење од 1.01.2017-31.12.2018 година. Во рамките на овој проект, СКУП организира серија работилници/обуки за граѓанските организации за комуникација со локалната самоуправа, како и организирање на обуки за следење на имплементација на СИГМА принципите во локалните самоуправи и медиумско покривање на целиот проект.

**5. „Заштита на правата преку истражувачко новинарство",** како подпроект на проектот **„Истражувачко новинарство чувар на демократијата и човековите права"**, финансиран од Европската Унија и Британската амбасада во Скопје. Во рамките на

овој шестмесечен проект, СКУП објави серија написи поврзани со судски случаи за клевета и навреда.

**6.** Од почетокот на 2018 година, СКУП ќе почне со реализација на поголем проект поддржан од ЕУ, насловен како **„Заедно во борбата против корупцијата"**, кој го реализираме заедно со Институтот за човекови права на Република Македонија и невладината „Медиум". Во рамките на овој проект ќе се следи работата на државните институции во однос на коруптивните практики, а за таа цел ќе се изработат истражувачки стории, како и публикации со цел за детектирање на лошите практики во системот.

**ВМРЕЖУВАЊЕ**

Во текот на 2017 година, СКУП продолжи да ги интензивира контактите со повеќе здруженија кои делуваат на територијата на Република Македонија, како и надвор.

Посебно би сакале да истакнеме дека во текот на постапката на изработка на истражувачките стории го користиме професионалното искуство од претставниците од здруженијата кои ги користиме како извори во зависност од тоа за која област пишуваме.

Инаку, СКУП е дел од Глобалната мрежа на истражувачки новинари-ГИЈН (www.gijn.org), потоа Мрежата на истражувачки новинари за организиран криминал и корупција-ОЦЦРП (www.occrp.org), а соработуваме и со сите околни регионални центри за истражувачко новинарство.

СКУП беше домаќин на интернационалната средба за одбележување на 24 март-Денот на свиркачите, настан кој се одржа во  Скопје во соработка со Коалицијата за заштита на свиркачи, чиј член е и нашата организација.

Коалицијата е сочинета е од 30 организации лоцирани во 12 држави. СКУП ја преставува Македонија заедно со Транспаренси Интернационал Македонија. Коалицијата веќе објави неколку новинарски стории каде се прекршени правата на свиркачите, меѓу кои и една сторија на СКУП која е објавена на веб страната на Коалицијата.

## ИЗРАБОТКА НА СТОРИИ

Граѓаните се во фокусот на нашето истражување, поточно јавниот интерес, за чија цел темелно ја анализираме работата на државните и јавни институции, нивната транспарентност и отчетност во однос на нивната работа. Преку документираните, истражувачки стории ги детектираме слабостите во работата на институциите, што сметаме дека понатаму ќе придонесе кон подобрување во нивната работа.

СКУП во процесот на предистражување и истражување на сториите ги користи граѓаните, како и невладините организации, како и документи и бази на податоци. За секоја истражувачка сторија на која ја работиме, разговараме со граѓаните, кои понекогаш сакаат да се анонимни, но нивните сознанија понатаму ги користиме за да поставуваме Барања по слободен пристап на информации од јавен карактер.

Во сите истражувачки пишани и/или видео стории изработени во текот на 2017 година учествуваа најмалку девет млади новинари, како и долгогодишниот професионалец-уредник, наш колега кој ни се приклучија во работата на СКУП уште од 2016 година. Се надеваме дека бројката на нови членови на СКУП ќе продолжи да се зголемува во следниот период.

СКУП, пред изработка на секоја сторија, одржува редовни состаноци со сите вклучени во изработка на сторијата со цел да се направи предистражување, да се соберат сите неопходни податоци и материјал и да се консултираат сите засегнати страни. При изработката на сториите секогаш се обидуваме да ја вклучиме и соодветната граѓанска организација која е засегната или вклучена во конкретното прашање, а исто така и консултираме експерти.

СКУП во текот на реализација на истражувачките стории пристапува со почит и доверба кон секој граѓанин кој пристапува кон СКУП. Ние, како организација им го заштитуваме идентитетот на нашите извори доколку е тоа потребно.

СКУП-Македонија во текот на есента 2016 година изработи и промовираше модул „Јас истражувам" на својата веб страна: www.scoop.mk. Со оваа апликација досега се запознале над 15.000 грагани. За тоа дека модулот предизвика огромен интерес во јавноста зборува и податокот што на нашата фејсбук страница имаше разни коментари околу оправданоста за постоење на ваква рубрика. Досега сме започнале три истражувања врз основа на пријави на граѓани во оваа рубрика.

Во текот на 2017 година СКУП реализираше вкупно 51 пишана или видео истражувачки стории, кои се однесуваа на различни проблеми и сегменти од општеството.

Од позначајните истражувачки стории, би сакале да ги издвоиме следните:

-**Загадување: Скопје го стигна Пекинг,** документарен истражувачки филм, кој се осврна на проблемот со загадувањето во Скопје, и изнаоѓање начини за негово надминување. Поради оригиналноста, овој филм беше награден за „Најдобар документарен филм" од областа на животната средина, од организацијата Зелен глобус. Филмот беше прикажан на Првиот истражувачки филмски фестивал кој се одржа во Скопје во ноември 2017 година.

-**Охридското езеро под закана на урбанизацијата,** документарен истражувачки филм со кој документирано, аналитички се разоткрива штетната урбанизација на охридското крабрјежје. По објавувањето на овој документарец, градежната инспекција го забрани понатамошното градење на хотелот во Лагадин, за кој беше објавено во сторијата.

-**Милиони евра за големи апетити: штеделе на униформи, но не и на ресторани,** е еден од серијата написи за трошоците за репрезентација во министерствата за кои пишувавме изминатата година. Документарецот, кој беше поткрепен со документи, ги откри неразумните трошења во овие две министерства. Неколку дена по објавување на документарецот, новите министри во двете министерства најавија тендери и обнова на униформите и подобрување на условите за војниците и полицајците.

-**Македонските пратеници-лидери во регионот за патни трошоци-** истражувачки документарен филм во кој повторно потсетивме за огромните трошења за патни трошоци, тема која ја започнавме уште пред три години во јавноаста. Овој филм предизвика лавина реакции во јавноста, како и притисок врз

државните институции за промена на моделот за исплата на патните трошоци на пратениците. Под притисок на јавноста, пратеничката група на СДСМ поднесе законски измени за патните трошоци на пратениците, со кои се предлага литар гориво да се наплажа по 20 отсто од цената на литар гориво за изминат километар, наместо 30 отсто како што беше досега.

-**Трговија со мигранти: Балканската берза на судбин**и-истражување за шверцот со бегалците, нивните илегални балкански рути и како наоѓаат начини за подобар живот, бегајќи од воениот ужас. Сторијата пробуди интернационален интерес и беше објавувана во меѓународни рамки.

-**Канческа ноќевала во Хилтон, Шератон и Риц, а пазарела во Версаче-**со оваа сторија во која ги откривме трошењата од службената картичка на екс-министерката Канческа-Милевска, СКУП ја почна серијата написи за тоа како поранешни функционери трошеле енормни суми народни пари за свои, приватни цели. Сторијата предизвика огромен интерес во јавноста и осуда за трошењата, а екс-министерката најави тужба против нас. Но, таква тужба досега не е поднесена со оглед на тоа што располагавме со официјални документи кои и беа презентирани на екс-министерката, како и на јавноста.

Воедно, би сакале да потенцираме дека и во 2017 година продолжи судската постапка околу стекнувањето на имотот на ВМРО-ДПМНЕ, за што Специјалното јавно обвинителство отвори постапка, а откако претходно СКУП пишуваше за огромниот имот со кој располага оваа партија, со што е една од најбогатите партии во Европа. СКУП, за оваа сторија ги обезбеди сите официјални документи од државните институции, како Катастарот, како и Централниот регистар на Република Македонија, но и други релевантни институции.

## ***ОБЈАВУВАЊЕ***

Сите стории на СКУП се објавуваат на нашиот веб сајт: www.scoop.mk и нашиот онлајн магазин ИНБОКС 7: www.inbox7.mk, а потоа се реобјавуваат на други медиуми како: plusinfo.mk; libertas.mk; lokalno.mk; dokaz.mk; kanal77.mk; almakos.com; portalb.mk; shtegu.com; reporter.mk; duma.mk; novatv.mk, како и на странски медиуми, како Балкан Инсајт и Глобал Воисес..Воедно, нашите стории се реобјавуваат и на: регионалната ТВ Коха, како и ТВ Кис, ТВ Вис, ТВ Ирис, ТВ М и други со кои имаме склучени Меморандуми за соработка.

Еден од позитивните резултати во однос на подобрување на квалитетот на содржините на СКУП е и техничката обука на младите новинари на СКУП со што сториите добија визуелизација и благодарение на тоа привлекуваат поголема публика. Воедно, СКУП не само што доби побројна екипа во изминатиов период, туку и новите членови на СКУП се здобија со нови вештини во однос на поставување Барања по слободен пристап на информации од јавен карактер, пребарување на бази на податоци, како и комуникација со институции.

## УЧЕСТВО НА ФОРУМИ/ДЕБАТИ/ОБУКИ

Во текот на 2017 година, претставниците и членовите на СКУП-Македонија учествуваа на серија дебати и форуми на различни теми на кои се претстави и работата на СКУП. Па така,

учествувавме на Средбата за вмрежување на грантистите на Цивика Мобилитас која се одржа во Охрид при крај на 2017 година, каде беше претставена работата на над 100-тина граѓански организации поддржани во рамки на програмата на Цивика Мобилитас. Потоа, учествувавме на серија обуки/работилници за организациски развој во рамки на програмата Цивика Мобилитас. Учествувавме и на серија работилници и обуки за имплементација на Стадарди за добро управување, во рамки на проектот „Следење на принципите  на јавната администрација во зачувување на вредности на добро управување”, финансиран од Делегација на Европската унија во Р. Македонија, во рамките на ИПА програмата ,,Структура за поддршка на граѓанското општество и Медиуми 2015”. Исто така, нашите млади новинари учествуваа на серија обуки наменети за млади новинари-истражувачи.

Исто така, нашите новинари во текот на целата година беа консултирани од страна на медиумите како експерти за одредена проблематика, односно медиумите од нив беше побараа да ги толкуваат наодите на нивните истражувања, а самите истражувања беа републикувани или шерувани на социјалните мрежи.

И минатата година продолжи трендот кој успеавме да го наметнеме од претходните години за поширока употреба на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. Па така, често пати се случува новинарите вработени во дневните редакции да ги побараат официјалните информации од државните или јавни институции користејќи го Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. Ова го сметаме како една од придобивките од нашето работење.

Здружение-Центар за истражувачко новинарство
СКУП-МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

*Центар за истражувачко новинарство СКУП-МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ*
*Ул.11-ти ОКТОМВРИ 30-1-1-2*
*ЕДБ 4043011507862*

# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА ПЕРИОД 01.01.2017-31.12.2017

## Приходи

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Приходи од камати и позитивни курсни разлики | **21,380.00 ден.** |
| 2 | Приходи од проекти грантови | **9,665,178.00 ден.** |
| 3 | Приходи од членарина | **300.00 ден.** |
| 4 | Приходи од донации | **410,014.00 ден.** |
| 5 | Пренесен вишок од минатата година | **1,191,009.00 ден.** |

## Вкупни приходи **11,287,881.00 ден.**

## Трошоци

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Трошоци за банкарска провизија | **44,570.00 ден.** |
| 2 | Трошоци од негативни курсни разлики | **8,255.00 ден.** |
| 3 | Сметководствени услуги | **78,359.00 ден.** |
| 4 | Авторски и интелектуални договори | **988,086.00 ден.** |
| 5 | Услуги по договор за дело | **230,569.00 ден.** |
| 6 | Трошоци за Ревизија | **50,000.00 ден.** |
| 7 | Административни такси, црм , членарини и останати расх | **31,724.00 ден.** |
| 8 | Трошоци за волонтери | **28,629.00 ден.** |
| 9 | Трошоци за пренос на други субјекти | **272,000.00 ден.** |
| 10 | Трошоци за канцелариски материјали и набавки | **56,170.00 ден.** |

| | | |
|---|---|---|
| 11 | *Материјални трошоци за проекти* | ***17,110.00 ден.*** |
| 12 | *Трошоци за хостинг и обнова на домен* | ***917.00 ден.*** |
| 13 | *Трошоци за одржување* | ***23,956.00 ден.*** |
| 14 | *Трошоци од отпис на ситен инвентар* | ***23,258.00 ден.*** |
| 15 | *Трошоци за печатење, фотокопирање, графичка дејност, у* | ***11,234.00 ден.*** |
| 16 | *Трошоци за комунални услуги (струја, вода, парно и сл.)* | ***33,547.00 ден.*** |
| 17 | *Трошоци за телекомуникациски услуги* | ***83,566.00 ден.*** |
| 18 | *Угостителски и хотелски т-ци по проекти* | ***306,938.00 ден.*** |
| 19 | *Трошоци за промоции и сл.* | ***205,901.00 ден.*** |
| 20 | *Трошоци за бруто плати* | ***2,768,125.00 ден.*** |
| 21 | *Трошоци за вработените* | ***4,000.00 ден.*** |
| 22 | *Трошоци за опрема, машини, компјутери и сл.* | ***16,500.00 ден.*** |
| 23 | *Наемнина од физички лица* | ***197,701.00 ден.*** |
| 24 | *Наем на опрема* | ***115,012.00 ден.*** |
| 25 | *Персонален данок* | ***66,801.00 ден.*** |
| 26 | *Патни трошоци за проектни активности* | ***140,959.00 ден.*** |
| 27 | *Останато расгоди* | ***10,774.00 ден.*** |
| ***Вкупни трошоци*** | | ***5,814,661.00 ден.*** |

*Данок на непризнати трошоци за 2017 година* ***- ден.***

***Наменски средства за 2018 година*** ***5,473,220.00 ден.***

## *Биланс на состојба*
## *на 31.12.2017 година*

## Средства

| | |
|---|---|
| 1 Основни средства | **519,735.00 ден.** |
| 2 Денарска сметка | **853,439.00 ден.** |
| 3 Девизна сметка | **4,625,719.00 ден.** |
| 4 Останати парични средства | **7,968.00 ден.** |
| 5 Побарување за даноци од државата | **156.00 ден.** |
| 6 Депозит за кирија | **16,605.00 ден.** |

## Вкупни средства — 6,023,622.00 ден.

## ОБВРСКИ

| | |
|---|---|
| 1 Обврски за даноци | **30,667.00 ден.** |
| 2 Наменски средства за 2018 година | **5,473,220.00 ден.** |
| 3 Деловен фонд | **519,735.00 ден.** |

## Вкупно обврски — 6,023,622.00 ден.

*Скопје, 28.02.2018*

- ден.